и7145



11526,11,

**И ПОКРАЈ НАБЛИЖУВАЊЕТО НА РОКОТ, КОНКУРСОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ЗАСЕГА БЕЗ ОДЗИВ**

# НЕМА ПРИЈАВЕНИ ПОДАРОЦИ ЗА ЧОВЕШТВОТО

***● ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА „СКОПЈЕ“ ВЕЛАТ ДЕКА УМЕТНИЦИТЕ НАЈВЕРОЈАТНО ГО ЧЕКААТ ПОСЛЕДНИОТ МОМЕНТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ***

На конкурсот за уметничко дело (скулптура) – подарок од Македонија за човештвото, кој трае до 1 ноември сè уште не се пријавил ниту еден автор. Сè уште не е формирана и жири комисијата која ќе треба да го направи изборот на делата. Славе Лисичков, кустос во Уметничката галерија „Скопје“, каде заинтересираните автори треба да ги доставаат делата, вели дека сепак сè уште не може да се говори за слаб одзив, бидејќи нашите автори чекаат последен момент за пријавување.

Целта на конкурсот што го распиша Министерството за култура е Македонија како земја со трајни цивилизациски вредности и дострели во културата и уметноста, на светот да му подари уметничко дело – скулптура.

– Одбраните скулптури ќе бидат поставени во најголемите културни центри на петте континенти, а една во Македонија, но локациите сè уште не се прецизно дефинирани. Деновиве, многу уметници, интензивно се јавуваат и се интересираат за условите на конкурсот. Жири комисијата треба да биде назначена од Министерството за култура, но се уште не се именувани членовите кои ќе ја сочинуваат – вели Лисичков.



*УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ГИ ЧЕКА ПРИЈАВИТЕ НА АВТОРИТЕ*

На конкурсот покрај првонаградената скулптура (5000 г.м.) која ќе биде излиена во бронза, ќе бидат доделени и втора (3000 г.м.) и трета награда (2000 г.м.) како и три откупни награди (1000 г.м.).

Скулптурите кои ќе учествуваат на конкурсот треба да имаат камерни димензии, да бидат изработени во гипс и најслободна тема која ќе ги симболизира отвореноста и креативниот карактер на македонската култура и духовното наследство и традицијата. Уметниците може на конкурсот да учествуваат со повеќе дела. Авторските права за одбраните дела ги задржува Министерството за култура, како и правото за репродукција. Постои можност првонаградената скулптура да биде излиена уште во два примерока.

Г. Д. С.